# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ЕЛС МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ул. „Kаменичка“ бб – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk


Бр. 04-1126/17
21-07-2021

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18), член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија“ бр.5/02) и член 49 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина Македонска Каменица“ бр.20/19 и 38/20 ), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе

**Одлука за избор за унапредување по Интерен оглас број 02/2021 од 09.07.2021 година**

1.За извршител на работите на работно место **Советник за планирање на локален економски развој** во Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски се избира:
**1.Добри Јаневски**
2.Именуваниот ќе биде унапреден на работно место по претходниот став, по завршување на постапката за избор и конечноста на оваа одлука, врз основа на Решение за унапредување на административниот службеник донесено од Градоначалникот на општина Македонска Каменица.
3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

Комисијата за селекција за унапредување по Интерен оглас број 02/2021 , заверен под број 04-1126/3 од 09.07.2021 година за унапредување на еден административен службеник во општина Македонска Каменица за работно место **Советник за планирање на локален економски развој** (1 ) извршител шифра УПР0101В01000 во Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој, формирана со Решение од Градоначалникот на општина Македонска Каменица број 04-1126/9 од 19.07.2021 година, одржа состанок заради спроведување на административна селекција и интервју.

Во функција на спроведување на постапката за селекција за унапредување на административен службеник за извршување на работните задачи од став 1 на оваа Одлука, а по објавениот Интерен оглас за унапредување на административен службеник број 02/2021 од 09.07.2021 година, Комисијата за селекција за унапредување изготви Записник од административна селекција за интерен оглас со број 04-1126/10 од 20.07.2021 година и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју со број 04-1126/11 од 20.07.2021 година со прилог финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат и ги достави до Градоначалникот на општина Македонска Каменица.

Врз основа на изнесеното, Градоначалникот на општина Македонска Каменица одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По завршување на постапката за избор односно конечноста на Одлуката, Градоначалникот ќе донесе Решение за унапредување на именуваниот административен службеник.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**:

Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација на Р.Македонија во рок од осум(8) дена од денот на донесувањето на Одлуката.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Соња Стаменкова**

Доставено до :
-Архива;
-Именуваниот;